# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 став 3 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

## **О Д Л У К А**

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против службеното лице Биљана Манасиева поради промена на фактичката состојба односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-2090/1 од 29.03.2019 година.

Предметот со број 09-2090/1 од 29.03.2019 година, да се затвори и да се архивира, а одлуката по истиот предмет од седмата седница одржана на 27.03.2019 година, да престане да важи во делот за поведување на прекршочна постапка бидејќи службеното лице Биљана Манасиева доставува на време барање за разрешување, односно барањето е доставено откако е избрана за член на совет во општина и пред донесувањето на новиот Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде е предвиден прекршок за наведената состојба.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2090/1 од 29.03.2019 година е оформен по службена должност врз основа на извршената редовна проверка од доставената изјава за интереси од службеното лице Биљана Манасиева каде што е констатирано дека покрај функцијата член на совет на Општина Виница истовремено ја извршувал и функцијата член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Виница.

За надминување на констатираната повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија согласно со член 77 став 1 од истиот закон од лицето Биљана Манасиева побара во рок од 15 дена да го отстрани судирот на интереси.

Со допис доставен од страна на Биљана Манасиева, Државната комисија на ден 03.04.2019 година е известена дека именуваното лице на ден 01.12.2017 година преку Управниот одбор на ЈУ Центар за социјални работа – Виница до Влада на Република Северна Македонија поднело Барање бр.03-636/1 за разрешување на член на Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Виница.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за целосно утврдување на фактичната состојба се обрати до Влада на Република Северна Македонија за да ни достави дополнително информации за тоа дали наведеното лице е разрешена од функцијата Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Виница и за истото да ни достави доказ.

Државната комисија од страна на Влада на Република Северна Македонија на ден 22.04.2019 година е известена дека лицето Биљана Манасиева на времено има доставено барањето за разрешување, но Владата на Република Северна Македонија со оглед на донесеното Решение за распишување избори за претседател на Република Северна Македонија бр.09-1071/1 од 8 февруари 2019 година, нема постапено по предметното барање, но по завршување на изборот на претседател на Република Северна Македонија ќе постапи по барањето доставено од службеното лице Љупка Јаневска.

На седницата одржана на ден 12 август 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за нејзино надлежно постапување поради промена на фактичката состојба, односно наведеното лице ја отстранило состојбата на судирот на интереси со навремено доставување на барање за разрешување, но Влада на Република Северна Македонија донела решение за разрешување на ден 21.05.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Одлучено на ден 12 август 2019 година под бр. 09- 2100/4**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**